ЛОКАЛНА УСТАНОВА
НАРОДЕН МУЗЕЈ
Бр. 02-23/7
20.02.2019 год.
ВЕЛЕС

Локална Установа Народен Музеј Велес
ул. 8-ми Септември бр. 22 Велес; тел.-факс: ++389 43 231434; е-маил: muzejveles@yahoo.com

Локална установа
Народен Музеј
Велес

Врз основа на член 30 став 4 од Статутот Локалната установа Народен музеј - Велес Управниот одбор на седницата одржана на ден 20.02.2019 година ја донесе следнава :

О Д Л У К А

за усвојување на Годишната програма за работа на Локалната установа Народен музеј Велес за 2019 година

Член 1

Со оваа Одлука се усвојува Годишната програма за работа на Локалната установа Народен музеј Велес за 2019 година (во понатамошниот текст: Годишна програма).

Член 2

Раководното лице и вработените да постапуваат согласно одредбите наведени во Годишната програма.

Член 3

Измените и дополнувањата на Годишната програма да се вршат на начин и со постапка како што е донесена.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила од денот на нејзиното донесување.

Претседател
на Управен одбор
Марин Клифов

ЛОКАЛНА УСТАНОВА
НАРОДЕН МУЗЕЈ
Бр. 01-25/2
20. 02 2019 год.
ВЕЛЕС

ЛОКАЛНА УСТАНОВА НАРОДЕН МУЗЕЈ ВЕЛЕС



Програма за работа на Локалната установа Народен Музеј Велес за 2019 година

Велес,
Февруари 2019 година

ТЕМЕЛНИ ПРИНЦИПИ

Тргнувајќи од основниот модел на финансирање на културата и културното наследство преку институциите на културата како и од стремежите за воспоставување на европски принципи на работа и развој, Локалната установа Народен музеј - Велес (во понатамошниот текст: Музеј) изработи Програма за работа на установата која ги утврдува целите, приоритетите, активностите и финансиските средства со кои што ќе се одвива дејноста на Музејот во текот на 2019 година.

ЦЕЛИ

Програмата на Музејот и во 2019 година е насочена кон остварувањето на основната дејност на институцијата согласно законските регулативи пропишани во Законот за култура, Законот за заштита на културното наследство, а пред сè Законот за музеите. Музејот претставува културно-просветна и научна установа чија примарна цел е музејската дејност на територијата на Општина Велес и општините Чашка и Градско. Во рамките на својата основна музејска дејност работењето на Музејот е насочено кон:

- Заштита, валоризација и презентација на културно-историското наследство на регионите/општините под чија јурисдикција дејствува установата (Велес, Чашка и Градско);
- Поттикнување на меѓуинституционална соработка на локално, државно и меѓународно ниво и интердисциплинарен и едукативен пристап во промоцијата на културното наследство;
- Институционална надградба на установите задолжени за културата и културното наследство;
- Подобрување на менаџментот во културата и културното налседство; и
- Искористување на културата и културното наследство како ресурс за туристички и економски развој на подрачјето на кое дејствува Музејот.

ПРИОРИТЕТИ

Според горенаведените зацртани цели и инструментите за нивно имплементирање и реализирање, работата на Музејот во текот на 2019 година ќе биде насочена кон следните приоритети во рамките на развојот на музејската и ликовно-галерискатa дејност:

- Систематско истражување, собирање, откупување, средување, стручна и научна обработка и проучување на археолошкото, историското и етнолошкото наследство;
- Конзервација на движниот музејски материјал;
- Чување, објавување и презентација на музејскиот материјал и предмети од значење за археологијата, етнологијата, историјата, историјата на уметноста; и

- Предлага прописи и мерки за унапредување на музејската дејност и за стручно и научно усовршување на музејскиот кадар односно кадровско доекипирање како еден од основните предуслови за функционирање на институцијата.

Покрај основната дејност Музејот и оваа година ќе обавува и дополнителна дејност, која служи исклучиво за проширување на основната дејност и тоа:

- Издавачка дејност - издавање на монографии, каталози и списанија за промоција на музејскиот фондус на установата која го презентиран културното наследство на локално ниво, регионално ниво и пошироко во рамките на светското културното наследство;
- Организирање и поставување на повремени изложби за промоција на ликовната сцената на територииите на којашто дејствува Музејот и промоција на уметници на државно ниво како резултат на меѓуинституционална соработка; и
- Соработка со образовните институции (училишта и детски градинки) и организирање на едукативни работилници за деца од претучилишна и училишна возраст.

ДЕЈНОСТ И ПОРТФОЛИО НА МУЗЕЈОТ

ЛУ Народен музеј Велес претставува културно просветна и научна установа чија примарна цел е музејската дејност на територијата на Општина Велес и општините Чашка и Градско.

Почетоците на Музејот датираат од 1946 година кога во рамките на Велешката гимназија е основана музејска збирка која содржела историски, археолошки и етнолошки предмети од Велес и околината. Во 1951 година е основан Народниот музеј во Велес, а со значително збогатување на музејскиот фонд се појавила и потребата од поголем објект и во 1967 година Музејот започнал да функционира во зградата на околискиот одбор, изградена во 1926 година, каде што се наоѓа и денес.

Согласно правните акти денес Музејот е локална установа чиј основач е Локалната самоуправа на Општина Велес согласно Одлуката за утврдување на мрежата на установи од областа на културата (Службен весник на РМ 84/03) и е правен следбеник на Народен музеј Велес основан во 1951 година од Народниот одбор на Титов Велес со Одлука на Народниот одбор на Титов Велес - Потврда бр. 05-13173/2, запишан во регистарскиот суд во Скопје со Решение УС 174/73.

Според својата организациска структура Музејот го сочинуваат 4 сектори (Сектор за финансиски, правни и општи работи; Стручен сектор; Стручно-технички сектор; Сектор Индок центар). Примарната дејност на Музејот се базира на работењето на Стручниот сектор кој се состои од 4 одделенија:

- Одделение за археологија;
- Одделение за историја;
- Одделение за етнологија; и

- Одделение за историја на уметноста

Исто така под јурсидикција на Музејот се и следниве надворешни единици: Спомен куќа на Коста Солев – Рацин, Спомен куќа на Васил Главинов, Спомен костурница на паднатите борци од Велес и Велешко во НОБ и Меморијалниот музејски комплекс во с. Горно Врановци.

ФИНАНСИСКИ РЕСУРСИ

Финансирањето на Музејот се одвива преку три сметки:

- Сметката **7110109393 903 19** е сметката за наменски дотации на Општина Велес од страна на Министерството за култура и е наменета за исплата на плати и други материјални трошоци неопходни за непречено одвивање на предвидените активности на Музејот (одобрен финансиски план за 2019 година). Средствата од блок транскацијата ќе се искористат строго наменски за да може Музејот како јавна институција непречено да ја извршува својата дејност.
- Сметката е **7110109393 787 14** е сметка за сопствените приходи кои ги остварува Музејот како резултат на приходи добиени од влезници, приходи за реализација на проекти од музејска дејност од други извори на финансирање и други приходи (одобрен финансиски план за 2019 година).
- Сметката **1801009393 603 10** е наменета за исплаќање на финансиските средства кои се добиени во рамките на Годишната програма за остварување на национален интерес во културата за 2019 година од страна на Министерството за култура на Република Македонија и исплатата се врши според потпишан Договор и Оперативен план и динамика за реализација на секој поединечен проект помеѓу Музејот и Министерството за култура.

ТЕХНИЧКИ РЕСУРСИ

Музејот својата дејност ја одвива на неколку локации на поширокота територија на општините Велес, Чашка и Градско. Изложбените поставки на Музејот се презентирани во Музејската зграда (поранешна зграда на околискиот одбор). Во непосредна близина на Музејската зграда се наоѓа и канцеларискиот простор на вработените лица.

Под јурсидикција на Музејот се и следниве надворешни единици: Спомен куќа на Коста Солев – Рацин, Спомен куќа на Васил Главинов, Спомен костурница на паднатите борци од Велес и Велешко во НОБ и Меморијалниот музејски комплекс во с. Горно Врановци.

Исто така Музејот се грижи и за непосредно одржување на дел од куќите кои се сопственост на Општина Велес (куќата на Касапови и Куќата на ЈХК Цинот и Ликовниот салон), а врши и увид на Спомен собите на истакнати личности од минатото лоцирани на поширокота територија која е под ингеренција на Музејот.

ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Управните, стручните и другите административно-технички работи во Музејот, согласно Законот, ги вршат соодветните сектори согласно кадровската пополнетост на истите. Имено, според одобрените акти од страна на Министерството за информатичко општество и администрација: Правилник за внатрешната организација на Локалната установа народен музеј Велес и Правилникот за систематизација на работните места на Локалната установа Народен музеј Велес систематизирани се седумнаесет (17) работни места, од кои во моментот на доставување на овој Извештај се пополнети само (9) работни места. По квалификациона структура од вработените има тројца (3) со високо образование, тројца (3) средно образование и тројца (3) со основно образование. Во однос на националната припадност осум (8) вработени се од македонска национална припадност, еден (1) е од албанска национална припадност.

Кадровскиот дефицит претставува основен проблем со кој се судира Музејот во своето непречено работење. Поаѓајќи од намерата јасно да се предочат проблемите треба да се нагласи дека во Музејот нема вработено етнолог, па во последниве неколку години институцијата е доведена во ситуација ова одделение да го стави во мирување, а на тој начин и збирките од Етнологија се оставени само со повремен надзор со особен акцент на ревизија на предметите кои се од органска материја и за кои се потребни соодветни мерки на заштита и конзервација. Исто така, аларманта е и ситуацијата во Одделението за помошно-технички работи кадешто недостасуваат хигиеничари кои би можеле да ги задоволат потребите за одржување на сите објекти кои се под ингеренција на Музејот и објектите за кои нашата институција се грижи од технички и хигиенски аспект. Исто така треба да се земе во предвид и старосната граница на вработените која во следните неколку години би резултирала со голем одлив на вработени заради исполнување на правото за старосна пензија. Вработувањето на нови и соодветни кадри е од особена важност при ваква ситуација затоа што самата природа на работа за одредени работни позиции бара извесен временски интервал на адаптација и едукација.

Имајќи предвид дека станува збор за Музеј кој ги поставува темелите на музејската дејност на Република Македонија и кој со самото свое постоење има значајна историска конотација во рамките на оваа дејност неговото опстојување и егзистирање претставува не само неопходност туку историска одговорност. Според ова потребно е во најбрз можен рок, а во согласност со законските нормативи да се изврши кадровско доекипирање со музејски работници.

Во текот на 2019 година планирано е да се вработат 4 лица кои се нотирани во Годишниот план за вработување за 2019 година и кои делумно ги покриваат подрачјата кои се од особена важност за непречено функционирање на Музејот.

АКТИВНОСТИ

Во 2019 година предвидени се неколку проекти во рамките на музејската и ликовно-галериската дејност кои ќе придонесат за афирмација и развој на

Музејот како и негово доближување до пошироката јавност. Стручните лица од Музејот ќе продолжат со континуирана евиденција, увид и инвентаризација на предмети од збирките на Музејот, потоа ќе се продолжи со втората фаза од проектите за реваloризација на дел од збирките, планирано е да се извршат поголеми и помали интервенции во делот на постојаните музејски поставки по одделенија. Во текот на оваа година исто така планирано е да се продолжи со веќе востановената активната соработка со другите сродни институции и оваа соработка да ја збогати културната понуда во нашиот град но, исто така и преку гостување на дел од повремените изложби реализирани од страна на вработените во другите градови на нашата земја па и пошироко, а со цел да се претстави дел од културното наследство на нашиот град. Во контекст на популаризација на музејските збирки оваа година планирано е да се издаде промотивен материјал во кој ќе бидат презентирани најзначајните предмети од музејските збирки. Од аспект на промоцијата на музејскиот материјал најзначајна активност е започнувањето со подоготовките за изработка на **Водич низ музејските поставки.**

Исто така предвидени се и одредени градежни зафати на дел од Музејската зграда и објектите кои се под јурисдикција на Музејот. Овие зафати пред сè се однесуваат на санација на делови од овие објекти и тековни интервенции. Најголемата градежна активност во Музејот ќе биде реализацијата на **третата фаза од адаптација на подрумските простории во изложбен дел.** Имено, планирано е овој дел од Музејската зграда да биде изложбен простор во кој ќе бидат презентирани најзначајните примероци од камени споменици од музејската збирка. Во претходните години се работеше на санација на влагата, изработка на систем за дренажа и вентилација, потоа санација на дел од ѕидовите и поставување на сигурносна врата на една од просторијата наменета за прием на музејскиот материјал односно за прием на археолошкиот материјал. Оваа година, планирано е да се започне со активности кои се однесуваат на презентација на предметите кои откако де бидат селектирани ќе бидат подложени на конзерваторски третман и потоа ќе бидат соодветно поставени и презентирани. Во ова насока планирано е да се набават и апарати за третирање на влагата и други технички средства во функција на презентација и санација на изложбениот простор во подрумскиот дел.

Од страна на Музејот предвидени се и други дополнителни активности кои ќе се финансираат од другите сметки на Музејот и тоа сопствената сметка и сметката наменета за проекти финансирани од страна на Министерството за култура.

Имено, во текот на 2018 година до ресорното Министерство се доставени предлог проекти во рамките на Годишниот конкурс за финансирање на проекти од национален интерес за 2019 година. Од страна на Министерството се избрани 4 проекти кои се избрани како проекти од национален интерес.

Од сферата на музејската дејност се избрани следниве проекти:

1. Археолошко истражување на локалитетот Кале/Градиште - с. Згрополци;
2. Спомен костурница на загинатите бориц во НОВ во Велес и Велешко.

Од сферата на ликовно-галериската дејност се избрани следниве проекти:

1. Самостојна изложба на Новица Трајковски; и
2. Самостојна изложба на Дејан Божиновски.

За горенаведените проекти Музејот веќе е во процес на административна соработка со ресорното Министерство.

Музејот како локална установа исто така учествува и во креирањето на Програма за култура на Општина Велес преку доставување на предлог проекти кои се финансираат од страна на Општината. Во изминативе години од страна на Општината се финансирани неколку проекти во рамките на активноста Поддршка на проекти на локални установи. За 2019 година Музејот до Општината ги има доставено следниве проекти:

1. Спомен костурница на загинатите борци во НОВ од Велес и Велешко - Каталог/Водич;
2. **MEMENTO MORI** - Изложба на археолошки предмети од локалитетот Кале/Градиште - с. Згрополци;
3. Од висините на Голиќ до бреговите на Вардар: Презентација на археолошкиот локалитет Велешко Кале;
4. Археолошко истражување на локалитетот Кале кај с. Отовица;
5. Конзервација на ѕидното сликарство на манастирската црква Св. Димитрија - Велес (припрата); и
6. Изложба на фотографии од напуштените села и сакрални објекти од Велешко.

NOTA BENE: ***До моментот на доставување на Програмата немаме прецизни податоци за тоа кои од горенаведените проекти ќе бидат поддржани но се надеваме дека Општината со финансирање на дел од овие проекти, како што беше практика во изминатите години, ќе ја унапреди работата и активноста на Музејот во рамките на културната понуда на градот Велес.***

Од горенаведеното може да се види дека Музејот има предвидено богата и разновидна програма која во најголема мера е насочена кон зачувување, презентација и афирмација на културното наследство но и програма која ќе го

збогати културниот живот во Велес, а преку соработка со сродни институции ќе земе учество и во креирањето на културниот живот во другите градови низ Републиката. Музејот во текот на ова година повторно ќе работи совесно и одговорно со цел до крајот на годината да бидат реализирани сите предвидени активности на стручните одделенија но и да се продолжи со прием на посетители и други стручни лица коишто преку взаемна комуникација ќе ја збогатат и подобрат дејноста на Музејот.

Во понатамошниот дел од текстот ќе ги презентираме предвидените активности на одделенијата од стручниот сектор на Музјеот кои во најголема мера ја презентираат основната дејност на установата.

Со почит,

ЛУ НАРОДЕН МУЗЕЈ - ВЕЛЕС

д-р Анита Василкова Мидоска
/в.д. директор/

АРХЕОЛОШКО ОДДЕЛЕНИЕ



д-р Анита Василкова Мидоска
Виш кустос - археолог

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА АРХЕОЛОШКОТО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА 2019 ГОДИНА

Работните активности на Археолошкото одделение при ЛУ Народен музеј – Велес, оддел за античка и средновековна археологија во текот на 2019 година планирано е да се одвиваат во повеќе сегменти со посебен акцент на следниве активности:

I. Континуирана евиденција, увид и инвентаризација на предмети од археолошките збирки (античка збирка, нумизматичка збирка и збирка на камени споменици);
II. Изработка на Елаборат за (ре)валоризација на збирка на движно културно наследство (музејски предмети) – Збирка: „Камени споменици (Лапидариум) на ЛУ Народен музеј Велес“ II - фаза;
III. Изработка на Елаборат за (ре)валоризација на збирка на движно културно наследство (музејски предмети) – Збирка: „Нумизматичка збирка“ II - фаза;
IV. Реализација на археолошки истражувања на локалитетот Кале/Градиште (Gurbita) кај село Згрополци - проект финансиран од страна на Министерството за култура во рамките на Годишната програма за финансирање на проекти од национален интерес за 2019 година;
V. Печатење и промоција на монографијата посветена на Збирката на камени споменици на Народен музеј – Велес со наслов „Haec fabula docet (Оваа приказна нè учи)“.
VI. Конзервација на предмети од античката збирка - проект финансиран од страна на Министерството за култура во рамките на Годишната програма за финансирање на проекти од национален интерес за 2017 - III - фаза;
VII. Реализација на IV постојана археолошка поставка на ЛУ Народен музеј – Велес;
VIII. III фаза од ревитализацијата на подрумските простории и сместувањето на камените споменици согласно законските регулативи;
IX. Меѓународна соработка и презентација; и
X. Публикување и презентација во стручно-научни списанија.

I. МУЗЕЈСКА ЕВИДЕНЦИЈА, УВИД И ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА

Раководител на проектот: д-р Анита Василкова Мидоска

Во согласност со одредбите на музејската дејност пропишани во Законот за музеите и Законот за заштита на културното наследство во текот на 2019 година планирано е да се продолжи со ревизијата, инвентаризација и документацијата на археолошките збирки согласно законските регулативи. Оваа година посебен акцент ќе

биде ставен на ***Античката збирка, Нумизматичката збирка*** и на ***Збирката на камени споменици*** за кои е планирано и понатамошно презентирање и публикување. Исто така, по завршувањето на археолошките истражувања или како резултат на донација или откуп планирано е сите предмети набавени во текот на 2019 година да бидат евидентирани во музејската евиденција согласно одредбите пропишани во Правилникот за заштита на движното културно наследство и користење на музејскиот материјал, музејските предмети и документација во Локалната установа Народен музеј – Велес. Во рамките на тековната евиденција за целокупниот движен материјал набавен во 2019 година ќе се направи и соодветна фото- и техничка документација.

II. ИЗРАБОТКА НА ЕЛАБОРАТ ЗА (РЕ)ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ЗБИРКА НА ДВИЖНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО (МУЗЕЈСКИ ПРЕДМЕТИ) – ЗБИРКА: „КАМЕНИ СПОМЕНИЦИ (ЛАПИДАРИУМ) НА ЛУ НАРОДЕН МУЗЕЈ ВЕЛЕС“ - II фаза

Раководител на проектот: д-р Анита Василкова Мидоска

Согласно Решението за формирање на стручен тим за валоризација на музејски предмети – Камени споменици (Лапидариум) на ЛУ Народен музеј – Велес, Акт бр. 04-123/2 од 27.06.2016 година во текот на 2019 година планирано е да се започне со втората фаза во реализацијата на Елаборатот. Имено, согласно кадровскиот дефицит планирано е да се ангажираат две надворешни лица кои ќе ја изршат техничката документација на сите споменици. Во текот на 2017 година сите камени споменици се поставени во подрумските простории на Музејската зграда и притоа е овозможен непречен увид во нивното истражување. Во оваа фаза планирано е да се започне со изработката на Елаборатот за (ре)валоризација во согласност со Правилникот за Валоризација, категоризација и реваloризација на културното наследство („Службен весник на РМ“ бр. 111/05 и 130/13). Изработениот Елаборат ќе се достави до Управата за заштита на културното наследство на понатамошно процесуирање, а со тоа оваа збирка ќе добие и соодветна категоризација според соодветните критериуми наведени во Правилникот за Валоризација, категоризација и реваloризација на културното наследство („Службен весник на РМ“ бр. 111/05 и 130/13).

III. ИЗРАБОТКА НА ЕЛАБОРАТ ЗА (РЕ)ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ЗБИРКА НА ДВИЖНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО (МУЗЕЈСКИ ПРЕДМЕТИ) – ЗБИРКА: „Нумизматичка збирка“ - II фаза

Раководител на проектот: д-р Анита Василкова Мидоска

Во изминатите години се направи целосната ревизија на нузмизматичката збирка, а во текот на 2018 година е направена целосна техничка и фото-документација на сите приемерци на монети од Збирката на Музејот. Во 2019 година согласно динамиката и реализацијата на останатите проекти планирано е да се започне со II фаза од проектот

однсоно да се пристапи кон изработка на Елаборатот за (ре)валоризација во согласност со Правилникот за Валоризација, категоризација и ревалоризација на културното наследство („Службен весник на РМ“ бр. 111/05 и 130/13). Изработениот Елаборат ќе се достави до Управата за заштита на културното наследство на понатамошно процесуирање, а со тоа оваа збирка ќе добие и соодветна категоризација според соодветните критериуми наведени во Правилникот за Валоризација, категоризација и ревалоризација на културното наследство („Службен весник на РМ“ бр. 111/05 и 130/13).

IV. РЕАЛИЗАЦИЈА НА АРХЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА ЛОКАЛИТЕТОТ КАЛЕ/ГРАДИШТЕ (GURBITA) КАЈ СЕЛО ЗГРОПОЛЦИ

Раководител на проектот: д-р Анита Василкова Мидоска

Проектот е финансиран од страна на Министерството за култура во рамките на Годишната програма за финансирање на проекти од национален интерес за 2018 година.

Целта на предложените археолошки истражувања оваа година е насочена кон два сегменти:

- Доистражување на двата објекти од просторот на населбата евидентирани со истражувањата во 2014 година со цел да се утврди секуларниот аспект од животот на античкото население на Gurbita.

- Истражување на просторот на некрополата односно територијата којашто е делумно истражена со археолошките ископувања реализирани во 2018 година.

Имено, во претходната истражувачка кампања реализирана во 2018 година заради обемот и големата концентрација на гробни целини во текот на реализацијата на проектот целокупната истражувачки фокус беше насочен кон откривање на гробните целини. Во текот на минатогодишните истражувања поголем дел од гробовите беа со монументални димензии и иако беа детектирани и површински откриени околу 25 гробови заради динамиката на работа, монументалноста на гробовите и финансиската конструкција беа откриени и целосно истражени 14 гробни целини, а останатите беа само детектирани и евидентирани на основниот план на некрополата. Со овие истражувања целосно се евидентирани и стручно истражени вкупно 135 гробни целини кои се одликуваат со најразновидни гробни облици и форми.

Исто така предложениот проект, особено истражувањето на просторот на некрополата е иницира од суштинскиот факт дека е откриена поголема концентрација на гробови кои се само делумно истражени, а останатите се само евидентирани. Ова е од особена важност затоа што според карактеристиките на овој терен би требало да се очекува на местото на веќе истражените гробови културен хоризонт од постари гробни целини кои припаѓаат во најголема мера во периодот на крајот на 2 - 1 век п.н.е. односно доцнохеленистичкиот период. Ова е од особена важност затоа што според гробните прилози населбата рефлектира силни трговски врски со големите центри долж

Via Axia но и рецидиви на предмети чијашто хронолошка рамка е неколку векови порано но кои успеале да опстанат на овој простор и во подоцнежните периоди.

Со реализацијата на овој проект покрај сознанијата за недвижното културно наследство ќе се овозможи збогатување на фондот на движни археолошки предмети на античката збирка на Музејот. Овие предмети говорат за едно интензивно и богато живеење на населението на античка Gurbita и токму заради огромниот број на предмети кои ги наоѓаме на овој локалитет планирано е во рамките на неговата реализација да се ангажира и стручно лице – конзерватор кој ќе изведе истражувања во функција на изработка на конзерваторски проект, а за оние предмети за кои е неопходна итна конзервација истите ќе бидат соодветно третирано согласно законската регулатива. Предметите потоа ќе бидат дел од археолошката музејска збирка на ЛУ Народен музеј - Велес, а најрепрезентативните ќе бидат презентирани и пред поширокатa јавност како дел од музејската поставка.

V. ПЕЧАТЕЊЕ И ПРОМОЦИЈА НА МОНОГРАФИЈАТА ПОСВЕТЕНА НА ЗБИРКАТА НА КАМЕНИ СПОМЕНИЦИ НА НАРОДЕН МУЗЕЈ – ВЕЛЕС СО НАСЛОВ „HAEC FABULA DOCET (ОВАА ПРИКАЗНА НЀ УЧИ)“

Раководител на проектот: д-р Анита Василкова Мидоска

Проектот е финансиран од страна на Министерството за култура во рамките на Годишната програма за финансирање на проекти од национален интерес за 2017 и Општина Велес во рамките на Програма за култура за 2017 година на Општина Велес – Потпрограма Поддршка на проекти на локални установи.

Во текот на минатa година се направени сите подготовки поврзани со изданието и во текот на оваа година ќе се премине кон печатење и трошоци за промотивен материјал со што овој проект ќе биде целосно реализиран.

Активноста планирано е да биде завршена до третиот квартал на 2019 година.

VI. КОНЗЕРВАЦИЈА НА ПРЕДМЕТИ ОД АНТИЧКАТА ЗБИРКА - III фаза

Раководител на проектот: д-р Анита Василкова Мидоска

Проект е финансиран од страна на Министерството за култура во рамките на Годишната програма за финансирање на проекти од национален интерес за 2017.

Целите на овој проект се повеќестрани затоа што од една страна со конзервацијата и реконструкцијата на овие садови дел од нив ќе можат попрецизно да се евидентираат во музејската евиденција имајќи предвид дека врз некои од нив не е изведена ниту превентивна заштита и конзервација. Потоа, во текот на годинава се планира да се постави нова постојана музејска поставка во археолошкото одделение па истите предмети, за првпат, ќе можат да се презентираат во рамките на оваа изложба. Исто така, предметите ќе можат да бидат соодветно публикувани и научно обработени и презентирани и на меѓународно ниво на конференции и симпозиуми. Најголем дел од

предметите кои се планира да се конзервираат потекнуваат од археолошките истражувања реализирани во последниве 5 години на локалитетите Кале – Згрополци, Кале – Стари Град, Кале - Отовица и други локлаитети.

Во текот на 2018 година се добиени и вториот дел од средствата за конзервација на предметите и планирано е оваа година да се изврши и III фаза од конзервацијата односно дел од предметите да подлегнат на директни конзерваторски зафати и третмани, а на дел од предметите да се изврши неопходната непосредна заштита.

VII. РЕАЛИЗАЦИЈА НА IV-ТА ПОСТОЈАНА АРХЕОЛОШКА ПОСТАВКА

Раководител на проектот: м-р Анита Василкова Мидоска

На крајот од оваа година по завршувањето на градежните работи планирано е повторно отворање на дел од изложбените простории на археолошкото одделение. Имено како резултат на градежни оштетувања дел од изложбените простории на археолошкото одделение беа изложени на влага и други оштетувања. Поради оваа причина дел од овој простор беше недостапен за јавноста. Оваа година, согласно динамиката на градежните интервенции планирано е по ревитализација на изложбените простории во нив да бидат изложени археолошки предмети. Дел од овие предмети и претходно се презентирани на јавноста но најголемиот дел од нив, особено во делот на античкиот и средновековниот период за првпат се презентираат пред јавноста. Исто така планирано е за секоја изложбена витрина да има и соодветно пано со легенди и елаборација на македонски и англиски јазик односно презентацијата да добие еден елабориран и подостапен начин на презентација до поширокаta јавност.

За реализација на оваа активност планирано е да се ангажираат лица и надворешни лица археолози и други лица кои би помогнале во техничката концепција на изложбата.

VIII. РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА ПОДРУМСКИТЕ ПРОСТОРИИ ДЕПОНИРАЊЕ И ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА КАМЕНИТЕ СПОМЕНИЦИ - III фаза

Раководител на проектот: д-р Анита Василкова Мидоска

Во текот на 2015 и 2017 година од страна на Музејот во рамките на градежните зафати беше опфатен и подрумскиот простор од музејската зграда. Овој простор кој долго време беше запоставен и руиниран во 2014 и 2015 година беше во поголема мера ревитализиран и санирани. Во 2019 година планирано е да се започне со последната фаза од неговата ревитализација и доопремување на овој простор. По завршувањето на градежните активности во овој простор ќе бидат депонирани камените споменици кои се сопственост на Музејот и истите да бидат соодветно презентирани. Имено, еден дел односно една просторија од овој дел планирано е да се пренамени во просторија за прием на музејски материјал тука пред се сè мисли на археолошки материјал кој ќе биде донесен од археолошките истражувања и каде ќе се извршува прелиминарна

документација и селекција. Останатиот дел од овој простор ќе биде наменет за камените споменици за кои е планирано да бидат поставени на соодветни држачи и засебно сместени со цел да се овозможи непречен увид за понатамошна документација и научна обработка. Доколку дозволува финансиската конструкција и динамика на работите на нашата институција, дел од овие споменици ќе бидат и презентирани во еден адаптиран изложбен простор во истиот дел од музејската зграда.

IX. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ПРЕЗЕНТАЦИЈА

Во 2019 година од страна на **д-р Анита Василкова Мидоска** планирано е учество на неколку меѓународни конгреси и конференции од сферата на археологијата и историјата на религијата. Доставени се неколку апликации и во согласност со оперативната динамика на соодветниот настан, дел од нив се прифатени, а дел од нив се доставени до соодветните редакциски и организациони комитети на понатамошно одлучување, по следниов редослед:

1. Доставена презентација: МЕДУЗА И СМРТТА - претстави на Медуза во гробен контекст.
Конференција: Годишен Симпозиум на Македонското археолошко друштво.

2. Доставена презентација: IMAGE AND IDENTITY (FROM ROMAN COINS TO INSTAGRAM AND FACEBOOK)
Конференција/Summer School: Field of vision: Memory, Identity and Images of the Past; Summer School Central Euroepean University, Budapest.

3. Доставена презентација: КУЛТОТ НА ХЕРАКЛЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО КОНТЕКСТ НА МЕТАЛУРГИЈАТА И РУДАРСТВОТО
Конференција: Рударството и Археологијата - *Меѓународна археолошка конференција организирана од Завод и Музеј Штип.*

4. Доставена презентација: HERAKLES IN THE CITY. The Role of Herakles in the Civil Religion of the Roman City.
Конференција: Civil Religion from Antiquity to the Enlightment, New Catstle University, England.

5. Доставена презентација: GOD'S EAR: The Role of Ear in Dedicatory Inscriptions.
Конференција: (Dis)embodiment in Late Antique Philosophy, Central European University, Budapest.

6. Доставена презентација: HERAKLES AND ATHENA ON THE ICONOGRAPHY OF THE 12 LABOURS OF HERAKLES CYCLE.

Конференција: The 12 Labours of Herakles. Between Iconography and Literature. Museo delle Religioni "Raffaele Pettazzoni", Velletri-Rome.

7. Доставена презентација: ANCIENT HEROES BETWEEN MARVEL AND DC COMIC CHARACTERS.
Конференција: Divinità, Miti e Riti nella Fantascienza e nel Fantasy. Museo delle Religioni "Raffaele Pettazzoni", Velletri-Rome.

8. Доставена презентација: LIBATION OF MAN/LIBATION OF GOD. Libation as Universal Rite of Sacrifice.
Конференција: Indo-European Religion and Poetics - A Comparative Approach: Myth, Ritual and Language, University of Copenhagen, Copenhagen.

X. ПУБЛИКАЦИИ ВО СТРУЧНО-НАУЧНИ СПИСАНИЈА

Статии во подготовка чијшто краен рок на доставување е 2019 година:

1. THE TALE OF TWO PLACES. STOBI AND GURBITA
Конференција: „Меѓу Истокот и Западот: Стоби и градовите во римските провинции на Балканот" – *Меѓународна археолошка конференција, Стоби 28-30.09.2018.*

2. **GODS AND LIQUIDS. RELIEFS WITH REPRESENTATION OF AN ACT OF LIBATION**
Конференција: ET HOMO DEUM CREAVIT "Myth, Cult and Religion" 5th International Symposium of Archaeology, Strumica November 1-4, 2018. **Списание:** *ACTA MUSEI TIBERIOPOLITANI* (НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Струмица).

3. Авторска статија понудена за изработка од страна на организаторот: **ИЗИДА И СЕРАПИС ВО МАКЕДОНИЈА** (работен наслов).
Издание: Каталог по повод изложбата „Африка во Македонија" - проект на НУ Музеј на Македонија.

4. КАЛЕ - СТАРИ ГРАД: АРХЕОЛОШКИ ИСКОПУВАЊА 2018 ГОДИНА.
Списание: Археолошки Информатор.

ИСТОРИСКО ОДДЕЛЕНИЕ



Марин Клифов
Виш кустос - историчар

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ИСТОРИСКОТО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА 2019 ГОДИНА

Во рамките на работните активности на историското одделение за 2019 година при ЛУ Народен музеј Велес, ќе се реализираат следните активности:

I. Изработка односно завршни активности за реваloризација на збирка на движно културно наследство (музејски предмети) **„Збирка на Оружје и воена опрема период 19-20 век од ЛУ Народен музеј-Велес.“**

II. Реализација на проект Спомен костурница на загинатите борци во НОВ од Велес и Велешко каталог-водич. проект финансиран од страна на Министерството за култура во рамките на Годишната програма за финансирање на проекти од национален интерес за 2019 година.

Спомен костурницата на загинатите борци во НОБ од Велес и Велесшко е објект од посебен општествен интерес. Идејата за изградба на Спомен костурницата се родила веднаш по ослободувањето на нашиот град, таа била актуелна кај општествено-политичките организации, Сојузот на здружението на борците и Собра и собранието на општина Велес, се со цел со реализација на овој објект да им се даде достојно признание на борците кои загинаа во НОВ.

Автори на овој грандиозен споменик се Љубомир Денковиќ академски вајар и Саво Суботин инж.арх.и двајцата од Нови Сад.Нивното идејно решени победи на анонимниот конкурс на ниво на Југославија и со реализација се започна 1976 година а заврши 1979 година.

Мозаикот во Спомен костурницата од 220 м2 е дело на академскиот сликар Петар Мазев и е најголем мозаичен комплекс во Македонија. Во проектот посебен акцент ќе се даде на мозаикот кој е ремек дело на авторот.

Потребата од изработка на каталог-водич низ овој Објект е од посебно значење, а идејата е од поодамна, но поради немање на доволно средства не е реализирана оваа идеја. Споменикот е репрезентативен и е еден од најпосетените објекти во нашиот град со посетители од земјата и странство.

Во Каталогот – Водич ќе биде застапапен краток историски приказ на градот и се она што преставува самиот објект преку текст и фотографии на македонски и англиски јазик.

Во проектот ќе бидат вклучени и надворешни лица за техничко компјутерска обработка, преведувач и лектор.

Каталогот – водич би послужил за запознавање на посетителите со историското на Велес, а посебен акцент ќе се даде при описот на мозаикот кој би послужил најмногу при посета на индивидуални посети во отсуство на кустос на самиот објект.

III. Во текот на 2019 година ќе се продолжи со скенирање и обработка на музејски материјал кој со години беше прибиран во Музејот. Материјалот е во црно бели и колор негативи. Позначајните фотографии и предмети од разни настани ќе им се даде инвентарен број и ќе бидат внесени во музејската картотека.

IV. Континуирано следење на состојбите на објектите кои се во надлежност на Музејот (Спомен костурница, ММК во с.Горно Врановци, Спомен куќа на Кочо Рацин, Спомен куќа на Васил Главинов, куќата на Касапови и куќата на Ј.Х.Цинот. Исто така ќе ги посетиме и спомен собата на П. Поп Арсов и спомен собата на К. Неделковски во с. Војница. Овие две спомен соби се во надлежност на Општина Чашка со кој Музејот оствари средба со належните и се договоривме за взаемна соработка, бидејќи општината нема институција која адекватно би се грижела за горе споменатите спомен соби.

V. Во текот на годината ќе се прибираат разни материјали од историско значење (фотографии, предмети и др.) од поважни настани од нашиот град.

VI. Во Објектите на Музејот како составен дел од нашата работа е и водење на посетители од различни возрасти од земјата и странство кој ќе бидат запознати со значењето на нашите објекти и културно историското минато на нашиот град.

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТА



Елица Николова
Виш кустос - историчар на уметноста

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТАТА НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТ ЗА 2019 ГОДИНА

Работните активности на одделението за историја на уметност при ЛУ Народен музеј – Велес, во текот на 2019 година планирано е да се одвиваат во повеќе сегменти со посебен акцент на следниве активности:

I. Континуирана евиденција, увид и инвентаризација на предмети од (уметничката збирка);

II. Изработка на Елаборат за валоризација на збирка на движно културно наследство (музејски предмети) – Збирка: „Уметнички дела во збирката на ЛУ Народен музеј Велес";

III. Реализација на изложба на слики од Новица Трајковски - проект финансиран од страна на Министерството за култура во рамките на Годишната програма за финансирање на проекти од национален интерес за 2019;

IV. Реализација на изложба на слики од Дејан Божиновски - проект финансиран од страна на Министерството за култура во рамките на Годишната програма за финансирање на проекти од национален интерес за 2019;

V. Реализација на изложби во соработка со сродни институции и ликовни уметници

I. МУЗЕЈСКА ЕВИДЕНЦИЈА, УВИД И ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА

Раководител на проектот: Елица Николова – Виш кустос историчар на уметноста

Во согласност со одредбите на музејската дејност пропишани во Законот за музеите и Законот за заштита на културното наследство во текот на 2019 година планирано е да се продолжи со ревизијата, инвентаризација и документацијата на уметничката збирка согласно законските регулативи. Во рамките на тековната евиденција за целокупниот движен материјал набавен во 2019 година ќе се направи и фото- и техничка документација за музејски материјал за кој досега не е направена соодветна документација.

II. ИЗРАБОТКА НА ЕЛАБОРАТ ЗА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ЗБИРКА НА ДВИЖНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО (МУЗЕЈСКИ ПРЕДМЕТИ) – ЗБИРКА: „Уметнички дела НА ЛУ НАРОДЕН МУЗЕЈ ВЕЛЕС"

Раководител на проектот: Елица Николова – Виш кустосисторичар на уметноста

Согласно Решението за формирање на стручен тим за валоризација на музејски предмети – година во текот на 2019 година планирано е да се продолжи со втората фаза во реализацијата на Елаборатот. Имено, согласно кадровскиот дефицит планирано е да се ангажираат две надворешни лица документатор и фотограф кои ќе ја изршат техничката документација. Во реализацијата на оваа активност ќе учествуваат и стручни лица. Планирано е по завршувањето на процесите на фото и техничка документација да се пристапи кон изработка на Елаборатот за валоризација во согласност со Правилникот за Валоризација, категоризација и ревалоризација на културното наследство („Службен весник на РМ“ бр. 111/05 и 130/13). Изработениот Елаборат ќе се достави до Управата за заштита на културното наследство на понатамошно процесуирање, а со тоа оваа збирка ќе добие и соодветна категоризација според соодветните критериуми наведени во Правилникот за Валоризација, категоризација и ревалоризација на културното наследство („Службен весник на РМ“ бр. 111/05 и 130/13).

(Во текот на 2019 доколку се одобрат планираните Проекти аплицирани во Општина Велес истите ке бидат инкорпорирани во Годишниот план за работа на Одделението за историја на уметноста и ќе бидат реализирани).